# Весна Димовска – Јањатова, Светлана Кочовска, „Elementa Latinitatis – Grammatica“ и „Elementa Latinitatis - Lectiones et pensa“ (Филозофски факултет, Скопје, 2012)

**Елена Џукеска**

Институт за класични студии
Филозофски факултет, Скопје
elena.dzukeska@gmail.com

Во текот на изминатата учебна година, како издание на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, од печат излезе нов учебник за почетно изучување на латинскиот јазик, наменет за студенти. Учебникот се состои од две книги, „*Elementa Latinitatis – Grammatica*“ и „*Elementa Latinitatis – Lectiones et pensa*“.

Во првата книга е опфатена граматиката. Содржините од фонетика, морфологија на името и морфологија на глаголот, основи на синтаксата на реченица и синтаксата на падеж се распределени во единаесет поглавја — *Lectiones* I – XI. Освен лекциите, учебникот на почетокот содржи и еден краток општ увод, *Introductio*, за местото на латинскиот јазик меѓу останатите јазици од индоевропското семејство, а на крајот еден прилог, *Appendix*, во кој се презентирани основни информации за римскиот календар и римските лични имиња, избор од вообичаените латински кратенки и кус преглед на граматиката преку табели.

Втората книга, која всушност претставува практикум, содржи различни помошни материјали за усвојување на граматиката и лексиката. Авторките на учебникот овие материјали ги организирале во неколку функционални целини. Делот *Lectiones* нуди текстови, четива за читање и превод, кои се измислени или адаптирани според латински автори. Делот *Pensa* нуди разновидни граматички вежби, кои вклучуваат правилен изговор и читање на зборови, преведување на реченици од латински на македонски и од македонски на латински, дополнување на реченици со точни граматички форми, менување на именки и глаголи, меѓусебно усогласување на различни граматички форми, поврзување на латинизми во македонскиот јазик со соодветните латински зборови. Има и вежби во кои се предвидува работа со ранолатински натписи и со доцноантички латински натписи од Република Македонија и вежби за толкување на кратенки кои и денес се употребуваат. Како дополнување на четивата, во делот *Ex auctoribus romanis* се нудат и оригинални реченици или текстови од латински автори. Покрај овие сегменти практикумот содржи и *Dicta et sententiae*, избор од поговорки и

познати мисли од латински автори и *Latinitas viva*, избор од латински изрази, кои и денес се користат во разни сфери. И поговорките и латинските изрази се придружени со соодветен и неопходен коментар и толкувања.

Заради полесно усвојување на лексиката и решавање на зададените вежби и задачи, практикумот содржи и *Lexicon Latino–Macedonicum*, Латинско-македонски речник и Македонско-латински речник.

И првата и втората книга од овој учебник содржат преглед на кратенки на цитираните автори и дела, кој е корисен за студентите пред сè од практични причини, поврзани со употребата на учебникот, но исто така и затоа што ги воведува во начинот на цитирање на латинските автори и дела.

И како граматика и како практикум овој учебник претставува одличен спој помеѓу модерните текови и традиционалните концепти во методологијата за учење јазик. Граматичките содржини се презентирани концизно и јасно, а примената на табели, забелешки, примери, им овозможила на авторките на овој учебник да направат дополнително разграничување на информациите. Паралелната презентација на граматички содржини кои се однесуваат на различни видови зборови — именки, придавки, заменки и глаголи во една иста лекција, го прави учењето на латинскиот јазик подеднакво живо и интерактивно, како и учењето на било кој модерен јазик. Од друга страна, забелешките со кои се објаснуваат граматичките форми од дијахрониски аспект, иако крајно поедноставени, сепак се доволни за да им се отворат на љубопитните корисници на овој учебник и други хоризонти во изучувањето на латинскиот јазик.

Овие клучни методолошки аспекти се развиени уште подетално во вториот дел од учебникот, каде што граматичите содржини се разработуваат преку четива и вежби. Функционалноста на одбраните задачи одлично го надополнува концизното и јасно презентирање на граматичките содржини. Изборот на реченици и текстови од латински автори, како и изборот на поговорки и познати мисли, му овозможува на студентот не само да го спознае јазикот во неговата изворна форма, туку и да се воведе во римската книжевна традиција и култура. А преку изборот од познати латински изрази, кои и денес се употребуваат и изборот од доцноантички натписи на латински јазик од Република Македонија, за корисниците на овој учебник се отвораат широки перспективи за дискусија околу живата употреба на латинскиот јазик и денес и за нашата перцепција на античкото наследство.

Сето ова го прави во вистинска смисла на зборот ова интерактивно учебно помагало податно за користење не само за студентите, туку и за сите оние, кои сакаат да се запознаат на почетно ниво со латинскиот јазик, без разлика на стручната подготовка и возраста.